Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-568/4
29.03.2022 год.
Скопје

Бр.-Nr. 14 - 568/4
29.03 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 42 -ра седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 25.02.2022 година | **Време** | 11.00 – 12.00 часот |
| **Бр. на седница** | 42-ра седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател (online)<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Дрита Муртезани (Советник на Министер) | | |
| **Логистичка поддршка** | Ангел Симов и Владимир Соколов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 21.01.2021 година ;
2. Измени на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество DESI – Digital Economy and Society Index ;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 42-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 41-та седница, одржана на 21.01.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на измените на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество DESI.

Членот на НКБК, Славица Настеска, започна со експликација на предлог-Методологијата за утврдување на DESI за државата усогласена со Методологијата на ЕК DESI2021. Таа нагласи дека во новоизготвената методологија за DESI од страна на ЕУ, една од петте димензии е избришана, тоа е димензијата употреба на интернет, која индиректно е веќе содржана во останатите димензии, димензијата "поврзливост", за чие следење е надлежна НКБК, има претрпено неколку измени. Имено, избришан е индикаторот за покриеност со фиксен бродбенд, но затоа се додадени нови индикатори во врска со покриеност со VHCN (Very High Capacity Network) и 5G. Членовите на НКБК развија дискусија дали во целост треба да постои усогласеност со новата методологија, доколку повеќе што индикаторот за фиксен бродбенд сеуште е актуелен во државата.

Исто така, од страна на членовите беше констатирано дека во предлог-методологијата за DESI во димензијата „поврзливост" потребно е да се наведе изворот односно институцијата која е извор на податоци за релевантниот индикатор (АЕК, Државен завод за статистика и сл.)

Од страна на Славица Настеска беше истакнато дека по изготвувањето и усвојувањето

на новата DESI методологија за државата од страна на НКБК, треба да се направи усогласување со АЕК околу податоците за новите индикатори содржани во димензијата „поврзливост“ за DESI кои треба да се бараат од операторите при изготовка на полугодишните извештаи на НКБК согласно новата методологија.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“ Дрита Муртезани информираше околу планираните активности за Digital economy sector како нешто шро произлегува од ИПА програмата. Исто така, Буковалов информираше околу неговото учество на RCC online состанокот поврзан со услугата за роаминг во Западан Балкан.

[redacted]

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________